# Документ со препораки за подобра интеграција на НЕЕТ групата на млади во процесот на образование, обука и вработување

Проект: Интеграција на НЕЕТ групата на млади

(Еразмус+, Клучна Акција 3)

# Вовед:

Коалиција на младински организации СЕГА го спроведува проектот **„Интеграција на НЕЕТ групата на млади“. Проектот се спроведува со поддршка од Национална Агенција за европски образовни програми и мобилност, преку програмата Еразмус+ Клучна Акција 3 (Структурен дијалог**)

Главна цел на проектот:

Подобрена интеграција на НЕЕТ групата на млади преку зголемена соработка на младинскиот сектор со различни институции на национално и локално ниво.

Специфични цели на проектот:

- Стекнување на подобро разбирање на НЕЕТ групата на млади од страна на институциите и младинскиот сектор на национално и локално ниво.
- Да се истражат соодветни мерки и интервенции за подобра интеграција на НЕЕТ групата на млади.

Во првата фаза на проектот се организира Национална работилница „**Соодветни мерки за интеграција на НЕЕТ“** со носители на одлуки на национално ниво.

Втората фаза вклучи **Деск истражување„Соодветни мерки и алатки кои донесувачите на одлуки ги преземаат со цел да спречат младите прерано да го напуштат процесот на образование и обука“.**

Главната активност во проектот е **тридневна работилница** која се одржа во периодот од **14-17 ноември 2018, во Струга**. На оваа работилница учество зедоа вкупно 45 учесници (млади на возраст од 18 – 29 години и донесувачи на одлуки на возраст од 25 – 50 години). Овој настан е креиран со цел да се воспостави комуникација помеѓу младите и донесувачите на одлуки со цел подобрување на интеграцијата на младите кои спаѓаат во НЕЕТ.

Како краен резултат на проектот е подготвен „**Позициски документ со препораки за подобра интеграција на НЕЕТ групата на млади“.**

# Позиција:

Според Eurofound:

Терминот НЕЕТ - “кои не се вработени, не се во образование ниту во обука”, се однесува на млади луѓе, **кои не се во работен однос** (невработени млади луѓе и млади кои се економски неактивни, т.е. млади луѓе кои не работат и не се во можност да работат или не бараат работа) и **не се во образование** или **не посетуваат некаква обука.**

Главни подгрупи на НЕЕТ:

- Конвенционално невработени (Најголема група: Долгорочни или краткорочно невработени)
- Недостапни (млади со фамилијарни обврски, болни или со попреченост)
- Исклучени (Не бараат работа или образование, а не се спречени од други обврски)
- Трагачи по можности (Активни баратели, но чекаат вистинска прилика)
- Доброволни НЕЕТ (Патуват, или се занимаваат со музика, уметност и самообразување)

Ризик фактори:

- Социоекономска позадина
- Образование на родители
- Интерес на родителите за образованието на детето
- Место на живеење
- Степен на образование на детето

Стапката на младите NEET лица во Македонија изнесувала 31,2 проценти во 2016 година, во споредба со просечната стапка од 13,9 проценти во земјите на OECD[1]. Од нив, околу 83.000 биле невработени и 53.000 биле неактивни. Долгорочно невработените лица имаат најголем удел во NEET (43,4 проценти), следени од 26,2 проценти млади лица со семејни обврски или обврски за грижа. Тие се пред сè млади жени на возраст од 25-29 години што завршиле само основно образование и живеат во руралните подрачја. NEET се позастапени во старосната категорија од 25-29 години меѓу жените и лицата со завршено средно образование. Обесхрабрените и долгорочните NEET се претежно мажи, додека, пак, семејните обврски речиси исклучиво се поднесуваат од младите жени.Невработените и обесхрабрените NEET со помала веројатност припаѓаат на сиромашни домаќинства. **Стапката на младите NEET е највисока во североисточниот регион (40,7 проценти)**, следен од полошкиот регион (37,6 проценти) и југозападниот регион (34,7 проценти).

Коалиција на младински организации СЕГА започна да се занимава со проблематиката на оваа ранлива група на млади најпрво преку активностите на проектот поддржан од програмата Еразмус +, Клучна Акција 2, во рамките на кој спроведе активности за како до подобро спроведување на информации до оваа група на млади, односно информации од типот на слободни места за вработување, обуки, како и образование. На оваа тема, Коалиција СЕГА има спроведено истражување за состојбата на НЕЕТ во Република Македонија, како и подготвен е Прирачник за подобар пристап до информации за младите од оваа ранлива категорија. Во 2018 година Коалиција СЕГА започна да го спроведува проектот „Интеграција на НЕЕТ групата на млади“, во рамките на Еразмус+ програмата, Клучна Акција 3. Со помош на користењето на методот на Структурен дијалог, во рамките на овој проект, младите и донесувачите на одлуки креираа препораки за подобра интеграција на НЕЕТ групата на млади во процесот на образование, обука и вработување.

# *ПРЕПОРАКИ*

Во согласност со позицијата утврдена со овој документ, учесниците на Националната работилница ги дефинираа следните препораки до креаторите на младински политики во Република Македонија:

### 1.Унапредување на мерките за вработување на НЕЕТ групата на млади:

Засегнати страни во процесот на унапредување на мерките на вработување на НЕЕТ групата на млади се следните институции: Министерство за образование и наука, вклучително и училиштата, Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување, Центар за образование на возрасни, Бирото за развој на образование, Локалните самоуправи, Бизнис секторот, како и Невладините организации.

Заклучокот е дека мерките за вработување треба да се одделат од останатите затоа што НЕЕТ се спрецифична група на млади што бара посебен третман, потребна им е соодветна психо-социјална поддршка за полесно насочување.

**Препораки до:**

- ✓ **АВРМ**

- Поголема информираност и редизајн на веб страна со цел да биде подобро организирана и подостапна
- Да се организираат инфо-состаноци за средношколци – матуранти со цел да се запознаат со можностите за вклучување на пазарот на трудот (да има задолжителни мотивациони обуки и кампањи)

- ✓ **ЦСР**

- Зајакнување на функцијата на советувалиштата за младите – советодавна и стручна методолошка работа

- ✓ **Училиштата**

- Да се организираат работилници и да се создадат предметни катчиња, како во средните така и во основните училишта, преку кои би се организирале најразлични семинари и тематски обуки (за ораторство, soft skills, за стекнување самодоверба и сл.), а истовремено да се овозможат и посети од институции и кариерното советување да биде задолжително

- ✓ **НВО**

**-** Да биде поактивен во организирање на мотивациски викенди, саеми за кариера, трибини, обука за информирање и личен развој, а притоа да има голема соработка со училиштата и Црвениот Крст

## 2. Превенција на НЕЕТ преку образовниот процес

Засегнати страни во процесот на превенција на НЕЕТ преку образовниот процес се: АВРМ, ЦСР, Педагошко – психолошка служба во училиштата, Средни стручни училишта (практиканска работа), Општините, Бизнис Сектор, Маркетинг, Круг на пријатели, Младински информативни центри, Центар за доживотно учење, БРО и МОН.

Доколку би се развил еден посебен систем за рано детектирање на млади во ризик да станат НЕЕТ и/или рано да го напуштат образованието треба да се земат во предвид следните ситуации од страна на институциите:

Знаците кои укажуваат дека еден ученик е во ризик рано да го напушти образованието или да стане НЕЕТ:
- незаинтересираност и бегање од часови, слаб успех, слаба мотивација/неинформираност, немање самодоверба, недоверба во системот, потекнува од семејство на социјален ризик, избегнува настава поради работен однос, нарушени семејни односи, нарушена комуникација со врсничка група, прерано стапување во брачна/вонбрачна заедница. Евиденцијата за лицата во ризик треба да ја води посебна институција која ќе прави анализа и ќе евидентира и прибира податоци од училиштата, ЦСР и АВРМ и ќе ги класифицира. ЦСР можат да придонесат со споделување на информации до училишта преку непосредна и континуирана соработка со педагошка-психолошката служба во училиштето.

**Препорака до МОН:**
- посебна образовна институција на општинско ниво, со организирани стручни служби и да работат со донесена скратена програма за доквалификација, изработена од БРО.

**Препорака до ЦСР:**
- детекција, месечна евиденција и анализа на податоци за лицата, ажурирање на податоците

до образовните институции. Стручна советодавна советувалишна работа/упатување на советодавен третман во советувалишен третман при ЦСР.

**Препорака до училиштата:**
- редовни податоци за младите кои излегле од системот на образование до посебна институција и до ЦСР.

- квартални состаноци на заинтересираните и засегнати страни. Обука на наставниот кадар за превенција од рано напуштање на образование.

**Препорака до граѓанските организации:**

**-** организирање на активности за инклузија, ресоцијализација (со претходно детектирање на проблемот), преку серија на обуки, дружење, слободни активности, неформални средби, работилници и задолжување со обврски со активностите.

## 3. Подобрување на можностите за обука, квалификација, преквалификација и доквалификација

Засегнати страни во процесот на подобрување на можностите за обука, квалифијација, преквалификација и доквалификација се: училиштата, факултетите, работнички универзитети, приватни образовни институции, центри за странски јазици, кариерни центри, центрите за социјална работа, Министерството за труд и социјална политика, Бирото за развој на образование, Стопанска комора, АВРМ, ПИОМ, НВОи, како и бизнис секторот.

**Мотивација на НЕЕТ да се вклучат во обука:**

1. Поголема посветеност на ***АВРМ*** во спроведување на континуирани интервјуа со НЕЕТ како и континуирана промоција на програмите за обука (квалификација, преквалификација и доквалификација) преку медиумите, социјалните мрежи и презентации во СОУ и факултетите

2.*ЦСР* да врши рана детекција / идентификување на НЕЕТ, и преку психо-социјална поддршка адекватно да ги упатува во АВРМ, а во специфични случаи и да ги обврзува да посетуваат обука.

3.*Граѓански организации* да развиваат и спроведуваат посебни програми за мотивација на НЕЕТ, како и да ги мотивираат преку успешни приказни, културни настани, инфо-центри, саеми, инфлуенсери, јавни личности и сл.

4.***Училиштата*** континуирано да ги мотивираат учениците за вклучување во програмите за обуки преку споделување на успешни приказни (на млади кои се вработиле по посетување на обука) како и поддршка од *наставниците*, стручните служби и кариерните центри (поголем бр. работилници)

5.***Бизнис секторот*** да се прилагоди на потребите на НЕЕТ и преку организациите на работодавачи континуирано да спроведуваат кампањи за понуди на слободни работни места, дефицитарни занимања и можности за обука.